ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден 08.01.2013 година во 9.00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

Присутни : Градоначалник Арсенчо Алексовски, Раководител на Одделение за правни и општи работи Јаготка Николовска Раководител на одделение за финансирање, буџет, општински имот и администрирање со даноци и имот Татјана Ѓоргиевска Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија Душко Арсовски, Раководител на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина Добривој Николовски , Раководител на одделение за инспекциски надзор Бранко Велиновски, Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Александар Ангелов, Директор на ЈП Комуналец Томе Тодоровски, Советник Игор Додевски

Дневен ред :

- Разгледување на реализација на тековни задолженија
- Дискусија и Насоки за реализација на задолженија
- Разно

ЗАКЛУЧОЦИ

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ, ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ:

За проектот за речното корито да се подготви договорот во консултации со Добривој Николовски и Александар Ангелов (да се предвидат сите содржини за речното корито) Биљана Тасевска и Јаготка Николовска 08.01.2013 година

Да се утврди потребата и да се и види за јавни набавки за потребите на одделенијата во општина Крива Паланка. Биљана Тасевска, Јаготка Николовска во координација со сите раководители 08.01.2013

Во врска со празникот водици и кривопаланечка пивтијада да се подготват потребните договори. Јаготка Николовска во координација со Душко Арсовски 8.1.2013

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, СООБРАЌАЈ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Да се води постапката за согласност за Деталниот урбанистички план и урбанистичкиот план за локалитет кај ЈП Македонски Шуми / плац на Пелагонија. Добривој Николовски 8.1.2013

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

За наредната седница на советот на општината Крива Паланка да се подготви одлуката за комунален ред во општина Крива Паланка. Бранко Велиновски 8.1.2013

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ, БУЏЕТ, ОПШТИНСКИ ИМОТ И АДМИНИСТРИРАЊЕ СО ДАНОЦИ И ИМОТ

Во врска со проектот од Норвешка Амбасада – Уметност без граници Марга Мазакова да се именува како сметководител на проектот. Татјана Ѓеоргиевска 08.1.2013

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ, ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА

За состанокот во врска со проектите со кои ќе се аплицира да се формира тим 08.01.2013 Душко Арсовски

Да се водат активности за празникот Водици и да се организира манифестацијата Криваопаланечка пивтијада. 08.01.2013 Душко Арсовски

До Агенцијата за млади и спорт и до пинпонгарскиот сојуз да се пушти допис за матријали и реквизити потребни на кривопаланечките пинпонгарски клубови. Душко Арсовски 8.1.2013

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

За тампонирање да се искористи матријалот кај спортската сала, во населба Белево на определените места да се изврши насипување, на потпорната стена во Белево и на скалите накај метролошката станици да се постави ракохфат Александар Ангелов 08.01.2013

Да се утврди висинската разлика од изворот кај Љиљаков мост до просторот под мостот кај Карчо. Александар Ангелов 08.01.2013

Да се водат постапките за проценка на имот.

За празникот Водици да се уреди и оформи вирот на Крива Река каде се фрла крстот. Александар Ангелов 08.01.2013

Заклучоците во врска со утврдување на статусот на бесправно изградени објекти да ги потпишува Стевче Христовски 08.01.2013

ЈП КОМУНАЛЕЦ
Да се завршат активностите за регулирање на канализацијата кај Спортската Сала и по завршување да се извести Агенцијата за млади и спорт. Томе Тодоровски во координација со Александар Ангелов 08.01.2013

Изговил Игор Додевски

Крива Паланка 08.01.2013

Душко Арсовски	_____	Јаготка Николовска	_____
Александар Ангелов	_____	Татјана Ѓоргиевска	_____
Добривој Николовски	_____	Томе Тодоровски	_____
Бранко Велиновски	_____		